РУДНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРНИЦА
„УСЛУГИ" Акционерско друштво
Бр. 0204 – 819/1
21.06 2017 год.
СКОПЈЕ

# ИЗВЕШТАЈ

## за работење за период јануари -декември 2016 година

Во деловната 2016 год. РЖ Услуги АД Скопје има остварено вкупно приходи од 139.547.833,00 денари од кои приходите остварени од основните дејности на друштвото (продажба на стоки и услуги) изнесуваат 127.908.140,00 ден,останати приходи 824.799,00 денари, што за вкупно остварени оперативни приходи од 128.732.939,00 денари за 2016 година претставува зголемување од 18,09% во однос на остварените оперативни приходи во 2015 година(104.766.003,00 денари)

Оперативни приходи

| | *ИЗНОС 2015* | *ИЗНОС 2016* |
|---|---|---|
| *СОБИРАЊЕ,ПРЕЧИСТ. И ДИСТРИБУЦИЈА НА ХИГИЕНСКА ВОДА* | 9.050.723,00 | 10.756.815,00 |
| *СОБИРАЊЕ,ПРЕЧИСТ.И ДИСТРИБУЦИЈА НА ТЕХНОЛОШКИ ВОДИ* | 57.714.854,00 | 87.793.252,00 |
| *НАДОМ.ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЦЕВОВОДНА МРЕЖА ЗА ПРЕНОС НА ТЕХНИЧ.ГАСОВИ ПРИРОДЕН ГАС* | 5.252.641,00 | 6.197.810,00 |
| *УСЛУГИ ЗА ОБЕЗБЕД.НА ИМОТ И ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА* | 15.494.855,00 | 15.425.039,00 |
| *ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ* | 1.251.111,00 | 1.044.023,00 |
| *ЗАКУП НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР И РЕЗЕРВОАРИ ЗА СКЛАДИРАЊЕ НА ТНГ* | 1.201.032,00 | 781.472,00 |
| *ОСТАН.АТИ УСЛУГИ: .* | 1.690.665,00 | 512.825,00 |
| *ПРОДАЖБА НА ТЕЧЕН НАФТЕН ГАС* | 13.110.122,00 | 5.396.904,00 |
| *ВКУПНО* | **104.766.003,00** | **127.908.140,00** |
| | | |

Обемот на работење на погоните во нашето потесно опкружување, со кои имаме континуирана деловна соработка од преструктуирањето на Железара, се рефлектира на обемот на работа во нашето друштво, во делот на услугите со кои сме директно поврзани за потребите на нивниот процес на производство и приходите од собирање, пречистување и дистрибуција на технолошки води се за 34,2% зголемени во однос на 2015 година.

Зголемување на приходите од технолошките води е резултат на зголемена дистрибуција на води во 2016 година.

Кај останатите приходи од основните дејности на друштвото чија реализација не е во директна поврзаност со потребите на производните процеси на погоните со кои имаме континуирана соработка, евидентно е намалување кај продажбата на ТНГ -59%, обезбедување и ПП заштита 0,4%, телекомуникациски услуги 16%, закуп на деловен простор за 35% а намалувањето е резултат на намален обем на користени услуги од страна на правните субјекти со кои соработува РЖ Услуги во 2016 година.

***Останати приходи***

Во останати приходи најголем дел се финансиските приходи, односно пресметани камати по дадени заеми во изминатиот период,а кај финансиските приходи има зголемување во однос на 2015 година за 53%, кога се пресметани камати на купувачи согласно законските прописи .

| | ИЗНОС | |
|---|---|---|
| ОСТАНАТИ НЕСПОМНАТИ ПРИХОДИ | 824.799,00 | |
| ПРИХОДИ ОД КАМАТИ | 10.814.894,00 | |
| ВКУПНО | **11.639.693,00** | |
| | 2016 | |
| ВКУПНИ ПРИХОДИ (ОПЕРАТИВНИ) | 127.924.140,00 | |
| ПРОСЕЧЕН МЕСЕЧЕН ПРИХОД | 10.660.345,00 | |

| ПРОСЕЧЕН БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ | | ПРИХОДИ ПО ВРАБОТЕН НА МЕСЕЧНО НИВО |
|---|---|---|
| 2015 | 130 | 1.091,996 евра |
| 2016 | 128 | 1.354,21 евра |

Вкупните расходи во 2016 год изнесуваат 138.290.868,00 ден.
Расходите кои се направени за реализација на основните дејности на друштвото изнесуваат 122.490.268,00 ден.

## *Структура на расходи*

| 2015 | 2015 | 2016 |
|---|---|---|
| ПОТРОШЕНИ,МАТЕРИЈАЛИ, РЕЗЕРВНИ ДЕЛОВИ И СИТЕН ИНВЕНТАР | 3.230.698,00 | 3.279.888,00 |
| ПОТРОШЕНА ЕНЕРГИЈА И ГОРИВО (ТОПЛИНСКА, ЕЛЕКТРИЧНА, НАФТА И БЕНЗИН) | 27.329.484,00 | 26.104.670,00 |
| СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА | | 12.282.136,00 |
| ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ УСЛУГИ | 923.092,00 | 787.683,00 |
| ОДРЖУВАЊЕ НА ОПРЕМА И ОБЈЕКТИ | 645.687,00 | 2.133.160,00 |
| АМОРТИЗАЦИЈА | 25.497.660,00 | 25.536.747,00 |
| БРУТО ПЛАТА ЗА ВРАБОТЕНИ:И АГЕНЦИЈАМЛАДИНЕЦ | 39.168.780,00 | 38.171.862,00 |
| НАДОМЕСТОЦИ НА ВРАБОТЕНИ ПО КОЛЕКТИВЕН ДОГОВОР | 1.584.837,00 | 2.395.752,00 |
| ДНЕВНИЦИ И ПАТНИ ТРОШОЦИ | 2.860,00 | 81.608,00 |
| **НЕМАТЕРИЈАЛНИ ТРОШОЦИ** | 2.785.076,00 | 1.201.839,00 |
| **РЕПРЕЗЕНТАЦИЈАПРОПАГАНД А И РЕКЛАМА** | 118.535,00 | 169.432,00 |
| **БАНКАРСКИ ТРОШОЦИ** | 634.786,00 | 692.875,00 |
| **ДАНОЦИ И ТАКСИ** | 817.340,00 | 1.104.160,00 |
| **ТРОШОЦИ ЗА ПРОДАЖБА НА ТНГ (НАБАВНА ВРЕДНОСТ)** | 10.873.261,00 | 4.381.418,00 |
| **ОСТАНАТИ УСЛУГИ** | 2.211.513,00 | 4.167.038,00 |
| **ВКУПНИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | **115.823.609,00** | **122.490.268,00** |

Вкупните оперативни расходи се зголемени во однос на 2015 година за 5% .Во делот на трошоците кои се директно поврзани со остварување на приходите од дистрибуција на технолошки води за производните погони во Железара,односно трошоците за потрошена енергија тековно одржување на опрема, трошоци за материјали и резервни делови евидентирано е зголемување и истите се зголемени за 0.5% во однос на минатата година.

Намалување има во трошоците за вработените,како резултат на намалени трошоци за бруто плата и останати надоместоци од работен однос(намален број на вработени од 130 -2015- до 119 крајот 2016 година|) и намалени останати пресметани надоместоци од работен однос ( испратнина за технолошки вишок ,отпремнина за пензија и регрес).

Кај трошоците за вработените намалувањето изнесува 0,2 во однос на минатата година. Од останатите расходи намалување имаме кај телекомуникациските услуги со 14,7%, а најголем пад поради намален обем на продажбан а ТНГ е евидентиран кај трошокот за набавка на продадениот плин во 2016 година за 59,7%.

| | 2015 | 2016 |
|---|---|---|
| *ОСТАНАТИ НЕСПОМНАТИ РАСХОДИ* | 156.209,00 | 7.235.595,00 |
| *РАСХОДИ ОД КАМАТИ* | 6.623.396,00 | 8.565.005,00 |
| *ВКУПНО* | 6.779.605,00 | 15.800.600,00 |

Останатите расходи на износ од 7.235.595,00 денари во најголем дел се однесуваат на отпис на побарувања од друштвото Макстил АД , по тужба со кого имаме правосилна судска пресуда за отпис на тужбените побарувања Трошоците за камати на износ од 8.565.005,00 ден. се однесуваат на пресметани камати по заеми ; камати по користени кредити од банки и,камати за ненавремено плаќање на јавни давачки(ддв), камати од тековното редовно работење со доверители .Зголемување на вкупните трошоци за камата во 2016 година за 22,7% во однос на 2015 година е резултат на пресметани трошоци за камата према доверители во 2016 година - по судски спорови(Елем Енергетика)камати за исплатен долг по фактури за изминати години.Во структурата на каматите кај кредитното задолжување по основ на реструктуирање на задолжувањето.

## *Побарувања и обврски со 31.12.2016 година*

На 31.12.2016 година РЖ Услуги А.Д има ненаплатени побарувања на износ од 78.823.581,00 денари.

Процентот на наплата на побарувања од купувачите во 2016 година изнесува 74,10%. не земајќи ги во предвид ненаплатените побарувања со 31.12.2016 година од фирми,за кои се водат спорови и за кои се чека судска пресуда или пак се завршени со правосилни пресуди и се чека на реализација на наплата.

Салдото на неплатени обврски по добавувачи до 31.12.2016 год. изнесува 33.156.693 денари .Процентот за исплата на обврски према добавувачи иземајќи ги обврските кои се во судска постапка со 31.12.2016 година изнесува 89,7%.

Друштвото се соочува со проблем на одржување на тековната ликвидност во текот на годината и прависериозни напори да ги сервисира тековните обврски по сите основи ,према добавувачи, вработени, државата и по кредитни задолжувања.Тоа се должи на потешкотии во сервисирањето на дел од побарувањата од купувачите и како резултат на истото се превземаат мерки за поефикасна наплата, преку утужувања.Голем проблем се и ненаплатените побарувања кои не произлегуваат од работењето во тековната година ,за кои се водат спорови и истите се одвиваат во долги постапки.Во крајна линија тоа влијае на можноста на друштвото да ги сервисира поредовно и полесно акумулираните долгови од изминатиот период .

Готовинскиот прилив на парични средства кои друшвото ги заработува од неговите редовни активности се користи регулирање на оперативните расходи во тековното работење,Во 2016 година има намалени инвестициски

вложувања во делот на технички постројки,опрема и инвентар во однос на претходната година и кај постојаните средства новите набавки во текот на годината изнесуваат 2.402.241,00 денари.
Во однос на задолжувањата на друштвото споредено со 2015 година нема значителни промени односно обврските по севкупните краткорочни и долгорочни кредитни задолжувања се зголемени за 4.396.070,00 денари или 7,6% во однос на 2015 година.

***Финансиски резултат во работење за 2016 година***

РЖ Услуги во тековното работење со пресметани приходи и расходи поврзани со основните дејности (продажба на стоки и услуги) ја завр деловната година со оперативна загуба од 993.324,00 денари. Со пресметани финансиски расходи и приходи за 2016 година РЖ Услуги во своето севкупно работење искажа добивка од 1.256.966,00 денари .

Енергоуслуги Дооел, од основната дејност- трговија на големо со течен нафтен гас бележи намалена активност во однос на 2015 година и ја заврши 2016 година во оперативното работење со добивка од 42.306,00 денари или во севкупното работење со загуба од 1.689.707,00 денари , која се должи во најголем дел на финансиски расходи,односно камати на користени средства од заеми и кредит пред 2013 година .

*РЖ Услуги АД Скопје*
*Директор*
*Јован Гечески*